### ПРЕМИЕРА ВО МАКЕДОНСКАТА ОПЕРА И БАЛЕТ

# „Врати“ на Олга Панго за надеж и почеток

**Авторките Панго и Поплавска велат дека идејата за мултимедијалната постановка што има модерна структура тлеела подолго време, а проектот е подготвуван две години**



Сцена од модерниот балет „Врати“

Драма, поезија, видео, танц, музика во живо, обединува новата балетска претстава „Врати“ во кореографија на Олга Панго и во режија на Наташа Поплавска, која вечерва во 20 часот премиерно ќе биде изведена на „Малата сцена“ на Македонската опера и балет.

Авторките Панго и Поплавска велат дека идејата за мултимедијалната постановка, која има комплетно модерна структура, тлеела подолго време, а проектот е подготвуван две години.

Главен извор за тематиката на „Врати“ е секојдневието што нè опкружува.

- Претставата илустрира мотиви блиски до народот. Станува збор за приказна што следи една млада девојка што доаѓа во ново соседство. Тука таа се вљубува во оженет маж, а претставата ги слика реперкусиите што следуваат – вели кореографката Панго.

Насловот „Врати“ за новиот модерен балет е избран поради неговото повеќеслојно, преносно значење.

- Вратата означува трансмисија, премостување, крај, но и почеток, излез од старото, влез во новото. Симболизира некаква надеж - додава Панго.

Таа изрази уверување дека новата балетска мултимедијална претстава ќе има успех и ќе ја заинтригира публиката, најмногу поради тоа што според тематиката е блиска до луѓето и е, пред сè, современа.

Тоа што е посебно интересно за балетот „Врати“ е музиката на турскиот музичар Џенгиз Ибрахим. Тој на канун и на тапан во живо ќе свири специфична музика со ориентална нота и различен ритам. Користејќи го својот здив, капки вода, ориз, дрво како инструмент, ќе доловува и природни звуци, треперења, дожд... Џенгиз ќе биде еден од ликовите на сцената и, како што велат авторките, неговата музика ќе биде праг на вратите.

Во претставата играат Наташа Николова, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Георгиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии. Костимограф е Марија Пупучевска, а Емил Петров е автор на видеодизајнот.

Последен авторски проект на Панго беше претставата „Јас Исидора“, која е актуелна на репертоарот на МОБ веќе пет години, а за која инспирација најде во големата балерина Исидора Данкан, која живеела на почетокот на 20 век.

Инаку, од вчера нов генерален директор на МОБ е Дејан Прошев, досегешен уметнички директор на куќата.

А.Ри.